Ваш деловен соработник во светот на бизнисот

# БИЗНИС ИНФО

100 години

Број 507 www.mchamber.mk 18.11.2022

## *ИЗВОЗНИОТ СЕКТОР ГО ОЧЕКУВААТ СЕРИОЗНИ РИЗИЦИ И ПРЕДИЗВИЦИ ВО ПОСЛЕДНИОТ КВАРТАЛ ОД ГОДИНАТА И ОСОБЕНО ВО 2023 ГОДИНА*




**Стопанската комора на Северна Македонија е добитник на прва награда на меѓународно ниво за успешна соработка во промовирање на придобивките од добрата безбедност и здравје на работното место од Европската агенција за безбедност и здравје при работа**

# ПОКРОВИТЕЛИ
## НА СТОПАНСКАТА КОМОРА НА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

### ПРЕМИУМ Покровители

### СТАНДАРД Покровители

### СИЛВЕР Покровители




Посетете : www.mchamber.mk

Стопанската комора на Северна Македонија
ПРВА комора и ПРВА институција во РСМ
со новиот стандард ISO 9001:2015

http://www.facebook.com/chamber.mk
http://www.twitter.com/Chamber_MK
http://www.youtube.com/user/MKChamber
http://www.linkedin.com/company/economic-chamber-of-macedonia




# КОМОРИТЕ СО ИНИЦИЈАТИВА ЗА ДИГИТАЛИЗАЦИЈА ВО СЕКТОРОТ ГРАДЕЖНИШТВО



Потребата за унапредување на работните процеси, преку се поголемо користење на современите информациско-комуникациски технологии, несомнено ја наметнуваат потребата за дигитализација на секторите и зголемување на продуктивноста, како клучни фактори кои влијаат на конкурентноста на една компанија. Во услови кога одредени сектори својот развој може во еден дел да го потпрат на новите технологии, знаења, иновации, ИТ алатки, градежништвото сè уште останува еден од најмалку дигитализираните сектори.

Со цел развивање на заеднички индикатори за обемот и нивото на дигитализација на градежните компании, тестирајќи ја релевантноста на индикаторите преку земање на примери од компаниите од трите земји, Стопанската комора на Северна Македонија во соработка со Стопанската комора на Словенија и Стопанската комора на Хрватска, ја стартува новата иницијатива насловена како Дигиталната трансформација се пробива кон бизнисите – развој на клучни индикатори за перформанси за зголемување на продуктивноста на секторот – DIG-IN-KPI, која е поддржана од Европската комисија во рамки на Еразмус + програмата.

Во организација на Комората, во периодот 14-15 ноември 2022 година беше реализиран првиот состанок помеѓу партнерите на кој се дискутираше за претстојните активности каде приоритет ќе биде ставен на утврдувањето на заедничките индикатори за обемот и нивото на дигитализација на градежните компании, а како корисници на проектот покрај бизнис секторот, предвидено е да бидат опфатени и образовните институции и државните органи.

Во рамки на проектот предвидена е соработка и со членовите на работната група на ФИЕК ЕУ – Градежништво 4.0 (FIEC EU – Construction 4.0). На состанокот присуствуваше и преставник од Федерацијата на европска градежна индустрија – ФИЕК кој ја поздрави иницијативата на трите комори во давањето придонес кон развој на секторот градежништво и градежни материјали.

# ИЗВОЗНИОТ СЕКТОР ГО ОЧЕКУВААТ СЕРИОЗНИ РИЗИЦИ И ПРЕДИЗВИЦИ ВО ПОСЛЕДНИОТ КВАРТАЛ ОД ГОДИНАТА И ОСОБЕНО ВО 2023 ГОДИНА

„Економското забавување во Европа ќе се одрази на македонскиот извоз, бидејќи најголем дел од трговската размена на земјава се одвива токму со ЕУ", посочи Дарко Лазаров, претседател на Клубот на извозници при Стопанската комора на Македонија во гостувањето на Блумерг Адрија ТВ.

Тој додадена дека со оглед на тоа дека последните проекции на ЕУ за економската состојба во 2023 година се исклучително неповолни, со минимален економски раст во позитива и сè уште висока инфлација, тоа секако ќе се одрази врз македонскиот извоз, особено врз автомобилската, машинската и металопреработувачката индустрија, облека и текстилната индустрија, прехранбениот сектор и други извозни сектори. Тоа секако ќе се одрази и во последниот квартал од 2022 година кога ќе се почуствува забавување на извозот.

Според него, тоа што голем дел од извозот од Македонија е концентриран само во неколку држави во ЕУ ја прави ранлива трговската размена доколку дојде до пад на економската активност во некоја од државите трговски партнери.

Тој го истакнува хроничниот проблем на големи трговски дефицити и ниска извозна конкуретност на земјата како клучни проблеми на кои треба да работиме во иднина како земја.






# Стопанската комора на Северна Македонија е добитник на прва награда на меѓународно ниво за успешна соработка во промовирање на придобивките од добрата безбедност и здравје на работното место од Европската агенција за безбедност и здравје при работа



Со цел подигање на свеста за улогата и значењето на заштитата на здравјето и безбедноста на работните места во организација на Министерството за труд и социјална политика заедно со Советот за безбедност и здравје при работа поддржан од Фондацијата „Фридтих Еберт" беше одржана Европската недела на безбедност и здравје при работа.

На настанот беа доделени и Национални награди за компаниите со најдобро имплементиран систем за безбедност и здравје при работа.

Добитници на Националните награди за оваа година беа компаниите: „Комфи Ангел" – Прилеп, „Макстил" – Скопје и „Кнауф Радика" – Дебар кои воедно се долгогодишни активни членки на Стопанската комора на Северна Македонија.

Компаниите и покрај состојбите со кои се соочуваат изминатиот период како што е пандемијата, економската и енергетската криза сепак, останаа доследни на постојаното подобрување, унапредување и модернизирање на системите за безбедност и здравје при работа. И оваа година, согласно веќе воспоставената пракса се реализираше и се спроведе постапката на оценување на системите за БЗР во рамки на компаниите од Република Северна Македонија кои се пријавија на јавниот повик.

## Во Белград одржана Конференција за инвестиции во обновливи извори на енергија во земјите од Западен Балкан




Обновливите извори на енергија се иднината на регионот, а инвестициите во зелената транзиција се клучни за развојот на Западен Балкан и справувањето со актуелната енергетска криза. За сите влади на Западен Балкан клучно прашање е енергијата, напредокот во тој сектор и поголемото искористување на обновливите извори на енергија, каде искуството и поддршката од Норвешка можат да бидат од големо значење.

Ова е пораката што лидерите на земјите од регионот на вчерашната конференција ја упатија до норвешките бизнисмени, коишто на средба во Белград дојдоа да ги слушнат можностите за инвестирање во капацитетите за обновливи извори што ги нуди регионот.

Соработката е единствениот начин за излез од енергетската криза со која се соочуваме сите, изјави Марко Чадеж, претседател на Стопанската комора на Србија, кој ја отвори конференцијата што се одржа вчера во Палата Србија. Како што посочи, можноста за инвестирање во обновливи извори на енергија е прашање што го засега целиот свет и ќе влијае на начинот на кој човештвото ќе живее во наредните децении.

Тој истакна дека регионот во моментот се соочува со геополитички предизвици



кои ни покажуваат колку всушност сме зависни од неодржливите, стари начини на производство, дистрибуција и трошење на енергијата и затоа е потребно да се работи на изнаоѓање различни решенија во таа област, за што можат да ни помогнат искуствата од Норвешка.

На конференцијата, претседателот на Србија, Александар Вучиќ, заедно со премиерите на Северна Македонија, Албанија, и Црна Гора, претседателот на Советот на министри на Босна и Херцеговина, Зоран Тегелтија, и заменик министерот за енергетика на Кралството Норвешка, Андреас Ериксен, заклучија дека во регионот има голем потенцијал и волја, но потребни се реформи и инвестиции во заеднички проекти за формирање на регионален пазар на зелени извори на енергија со цел поголема енергетска независност на земјите од Западен Балкан.

На настанот покрај високите владини претставници, учествуваат и претставници на компании од енергетскиот сектор од Северна Македонија, Србија, Босна и Херцеговина, Албанија и Црна Гора, коишто по завршувањето на панел дискусиите имаа можност да остварат директни средби со претставниците од норвешките компании.



СТОПАНСКА КОМОРА НА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

# Центар за едукација и развој на човечки ресурси


**Контакт лица:**

м-р Анита Митревска
++ 389 2 3244057
anita@mchamber.mk

м-р Елизабета Андриевска-Ефтимова
++ 389 2 3244074
beti@mchamber.mk




**22.11.2022, Семинар**

# ПРИМЕНА НА ПОСТАПКА ЗА УСПЕШНО СПРОВЕДУВАЊЕ НА ПРОЕКТИ СО ОДРЖЛИВОСТ

Обуката за примена на постапка при спроведување на проекти има за цел да ја прикаже важноста на сите активности за успешно реализирање на крајните резултати.

Тоа опфаќа примена на знањеа ,вештини, алатки и техники на широк опсег на активности за да се исполнат одредени барања на еден проект.

Иако постојат многу техники и алатки за управување и спроведување на проекти, постојат и значителни разлики во примената на истите со одредени методи за различни проекти.

Целна група:

- Вработени лица на различни работни позиции во рамки на вертикалната хиерархија на организацијата, особено лица задолжени за аплицирање на проекти на домашни и меѓународни конкурси.

Предавачи:

-доц. д-р Викторија Трајков, доктор на економски науки, специјалност маркетинг и брендирање и

-Билјана Пејоска-Ристеска, експерт за проектен менаџмент со долгогодишно работно искуство во аплицирање на проекти на домашно и меѓународно ниво.

**Контакт лица:**

м-р Анита Митревска
++ 389 2 3244057
anita@mchamber.mk

м-р Елизабета Андриевска-Ефтимова
++ 389 2 3244074
beti@mchamber.mk



**Семинар 22.11.2022**

# БЕСПЛАТНО ПРЕДАВАЊЕ НА ТЕМА:ПРЕДИЗВИЦИ И ИЗНАОЃАЊЕ НОВИ АЛАТКИ И МОЖНОСТИ ЗА ПОДДРШКА НА ФИРМИТЕ-РАНИ ЗНАЦИ НА ПРЕДУПРЕДУВАЊЕ ЗА НАСТАНУВАЊЕ НА ИНСОЛВЕНТНОСТ И КОРИСТЕЊЕ НА МЕДИЈАЦИЈАТА ВО РЕШАВАЊЕ НА СТОПАНСКИТЕ СПОРОВИ

Стопанската комора на Северна Македонија продолжува со организација на бесплатните предавања за компаниите со цел поголема популаризација и афирмација на предностите од користењето на медијацијата во нашата држава. Во услови на нарушена ликвидност на компаниите, а со цел рационализација на нивните трошоци, зачувување на добрите деловни односи со партнерите и поголема предвидливост на настаните во следниот период, како една од најповолните алатки за решавање на сегашен или иден спор на компаниите, особено се препорачува користењето на медијацијата. Стопанската комора на Северна Македонија, за популаризација и афирмација на медијацијата, институционално е поддржана од Меѓународната финансиска корпорација ИФЦ – групација на Светска банка. Бесплатните предавања за бизнис заедницата ќе се реализираат на 17,18 и 22 ноември 2022 година во Скопје, Штип и Струмица.

Во тој контекст, бесплатното предавање на Стопанската комора на Северна Македонија и на Меѓународната финансиска корпорација (ИФЦ) во Струмица на тема: “Предизвици и изнаоѓање нови алатки и можности за поддршка на фирмите-рани знаци на предупредување за настанување на инсолвентност и користење на медијацијата во решавање на стопанските спорови” ќе се одржи во Вила Парк Хотел Струмица на 22.11.2022 година (вторник) од 10:00 до 15:00 часот.

ЦЕЛНА ГРУПА: менаџери на компании, раководители на правен сектор, раководители на финансиски сектор, раководители на сектор за човечки ресурси и останати заинтересирани кои сакаат да се запознаат со дадената проблематика која е тема на предавањето.

**Контакт лица:**

м-р Анита Митревска
++ 389 2 3244057
anita@mchamber.mk

м-р Елизабета Андриевска-Ефтимова
++ 389 2 3244074
beti@mchamber.mk

**Брокерски настан 23.11.2022 - 24.11.2022**

# ПОКАНА за учество на Меѓународен брокерски настан – Brokerage Event GREEN 2022 во рамки на Spanish National Environmental Congress (CONAMA 2022)




Стопанската Комора на Северна Македонија преку ЕЕН – Европската мрежа на претприемачи Ве поканува да земете учество на Меѓународен брокерски настан - Brokerage Event GREEN 2022 во рамки на Spanish National Environmental Congress (CONAMA 2022) кој ќе се одржи од 23-24 ноември 2022 г.

Фокусот на настанот ќе биде да ја промовира соработката помеѓу субјектите за да се изгради поотпорно општество и да се постигнат целите за одржлив развој и за Зелениот договор.

Целта на настанот е да промовира нови проекти и соработка помеѓу владите, компаниите, истражувачките центри и другите европски еколошки организации, преку билатерални средби и директни контакти

Програмата, учесниците, и дополнителните информации се достапни на следниот линк:

https://green2022.b2match.io/components/24219?types=organisation-type&types=business-field&types=country , а од Комората може да ги контактирате следните лица:

Контакт лица:

| | |
|---|---|
| Ирена Мојсовска | Влатко Стојановски |
| Тел: +389 2 3244 009 | Тел: +389 2 3244 004 |
| Email: irena@mchamber.mk | Email: vlatko@mchamber.mk |



**Конференција 23.11.2022 - 24.11.2022**

# Конференција и Б2Б онлајн средби на тема: „Пробивање на бариерите за циркуларна економија“ - GO CIRCULAR, 23 - 24 ноември 2022 година, хотел Хилтон Скопје, РС Македонија

Фондацијата за менаџмент и индустриски истражувања во соработка со Стопанската комора на Северна Македонија, Ве поканувaат да бидете дел од Конференцијата на тема: „Пробивање на бариерите за циркуларна економија“ - GO CIRCULAR што ќе се одржи во периодот од 23-24 ноември 2022 година во хотелот „ Хилтон Скопје“.

Циркуларната економија е препознаена како нов концепт што треба да се имплементира низ целиот регион на Западен Балкан, а поради фактот што овој концепт е сè уште во рана фаза на формирање, многумина од овој регион, имаат делумно разбирање за тоа, што точно значи циркуларната економија и кои се придовките од истата.

Теми на конференцијата:

Развој на политиката на циркуларната економија во Западен Балкан;

Успешни приказни на проекти за европска циркуларна економија;

Увид во различни деловни модели и кружна/циркуларна економија во различни индустрии;

Можности за финансирање и алатки за иновативни проекти.

Исто така, преку учество на Б2Б меѓународните онлајн средби, се очекува да се постигне високо ниво на деловна комуникација, со цел да се поттикне бизнис соработката за процесот на циркуларната економија, вмрежување и партнерство за нови бизнис можности за истражување и развој.

За таа цел, Ве молиме, вашиот интерес за учество на конференцијата и Б2Б средби, да го најавите со регистрација на вашето учество на следниот линк: https://go-circular.b2match.io/signup, најдоцна до 23 ноември 2022 година (среда). Учеството на конференцијата и Б2Б средбите е бесплатно.

Контакт лица:

Ирена Мојсовска

++ 389 2 3244009

irena@mchamber.mk

**Саем 24.11.2022**

# Саем и директни бизнис средби “Slovak Industry VISION Day” 24.11.2022 Шаморин, Словачка

Стопанската комора на Северна Македонија во соработка со Словачката агенција за инвестиции и трговски развој - SARIO, ве покануваат да земете учество на претстојниот саем и директни бизнис средби- “Slovak Industry VISION Day”, којшто ќе се одржи на 24 ноември 2022 година, во Шаморин, Словачка.

Настанот, во организација на Словачката агенција за инвестиции и трговски развој под покровителство на Министерството за економија на Република Словачка, веќе шеснаесет години по ред, преку платформата „Slovak Cooperation Exchange“ претставува мост за поврзување на словачки и странски компании.

Овој настан е најголемиот деловен настан кој го организира Словачката агенција за инвестиции и трговски развој на годишно ниво, кој на компаниите им нуди единствена можност да разменат информации и да стапат во комуникација со нови потенцијални бизнис партнери од Словачка и од странство.

Во еден ден и на едно место, настанот дава можност за проширување на бизнисот, стекнување контакти, поврзување со потенцијални партнери, вклучување во дискусија со практичари, споделување на најновите информации и можност за презентирање на иновативни идеи пред релевантна публика.

На овогодинешниот настан предвидени се панел дискусии на теми важни за компаниите во делот на имплементацијата на новините што ги носи Индустрија 5.0, односно фокусот на зелена и дигитална индустрија но и новиот холистички пристап кон индустрискиот развој со фокус на севкупниот индустриски екосистем- иновации, дигитализација и вештачка интелигенција, едукација и одржливост.

Повеќе информации (агенда, услови за учество, регистрација) во врска овогодинешниот настан „Slovak Industry VISION Day” можете да најдете на https://www.slovakindustryvisionday.com/t-en.

Сите заинтересирани компании своето учество можат да го пријаваат најдоцна до 9 ноември 2022 година (среда). Пријавувањето за настанот е „онлајн“, со пополнување на пријавниот лист директно на веб-страната на организаторот, на следниот линк: Registration 1/3 « Slovak Industry Vision Day 2022 (sario.sk)

За подетални информации во врска со настанот, ве молиме контактирајте со:

- м-р Сања Николова,

телефон: +389 2 3244 091, моб: 071 230 452, е-адреса: sanja@mchamber.mk



**Семинар 24.11.2022**

# ЗАДОЛЖИТЕЛНИ ЕЛЕМЕНТИ И ПРИМЕНА НА МЕНАЏЕРСКИОТ ДОГОВОР, РАЗЛИКИ ПОМЕЃУ КОНКУРЕНТСКА КЛАУЗУЛА И ЗАБРАНА, ПОСЛЕДИЦИ ОД НЕПОЧИТУВАЊЕ НА ДЕЛОВНА ТАЈНА, ПАРИЧНА КАЗНА КАКО ЗАМЕНА ЗА ОТКАЗ

Стопанската комора на Северна Македонија, на 24 ноември 2022 година, организира еднодневна онлајн работилница на тема: „Задолжителни елементи и примена на менаџерскиот договор, разлики помеѓу конкурентска клаузула и забрана, последици од непочитување на деловна тајна, парична казна како замена за отказ“.

Цел на работилницата е преку анализа на предметните теми, да се постигне нивна поквалитетна и поправилна примена во практично работење.

Во поглед на менаџерскиот договор, ќе се анализираат неговите карактеристики, колку тој е практичен и потребен во работењето, кои се главните разлики од договорот за вработување и како да се состави издржан менаџерски договор.

Потоа, ќе се дискутира за поимите на конкурентската забрана и конкурентската клаузула, при што ќе се посочат нивните дистингвирачки елементи, а особено за проблематиката поврзана со исплаќањето на надоместок за почитување на конкурентската клаузула и колку истото се применува.

Ќе се анализира обврската за чување деловна тајна од аспект на прашањата како да се дефинира што за секој конкретен работодавач ќе претставува деловна тајна, како да се изработи интерен акт на работодавачот за протокол околу чување деловна тајна и ќе се објаснат последиците од непочитување на деловната тајна.

На работилницата ќе се разговара и за поимот на паричната казна преку разгледување на нејзиниот максимален износ, формата и начинот на одредување, нејзиното изрекување при спроведена дисциплинска постапка, како и ефектуирањето преку задржувањето на исплаќање на плата.

Контакт лица:

м-р Анита Митревска
++ 389 2 3244057
anita@mchamber.mk

м-р Елизабета Андриевска-Ефтимова
++ 389 2 3244074
beti@mchamber.mk

Семинар
25.11.2022

# КАНЦЕЛАРИСКО РАБОТЕЊЕ И АНАЛИТИКА СО DASHBOARD (КОНТРОЛНИ ТАБЛИ) ВО EXCEL 2016

Програмата за табеларно пресметување, MS Excel, секојдневно во пракса, го олеснува и унапредува работењето, поради што може да се каже дека познавањето на оваа програма, практично претставува стандард во деловниот свет. Успешните компании одличното познавање на MS Excel го ставаат како еден од главните услови за вработување и професионално напредување.

Семинарот е наменет за сите кои сакаат да ги унапредат своите знаења и вештини како би биле поподготвени за идни деловни предизвици. Содржините се кратки и јасни, без премногу теорија и со конкретни примери од пракса кои ќе Ви овозможат лесно да го разберете градивото и да го примените стекнатото знаење. Семинарот вклучува и креирање на Dashboard (контролни табли) – визуелен приказ на податоци преку кој се олеснува разбирањето на сложените податоци. Станува збор за визуелен интерфејс на група меѓусебно поврзани извештаи.

Основен услов е учесникот да има познавања од работа со компјутер и основни познавања на програмата за табеларно пресметување – Excel 2016.

Предавач:

Ирина Иванова, дипломиран инженер и професор по информатика повеќе од 20 години. Обучувач во областа на ИТ. Активно е вклучена во проекти финансирани од ЕУ, УСАИД и Британски Совет како експерт и обучувач. Воедно е и Scientix амбасадор за Македонија. Учесник е на бројни конференции, но и автор на прирачници за основно и учебници за средно образование.

Контакт лица:

м-р Анита Митревска
++ 389 2 3244057
anita@mchamber.mk

м-р Елизабета Андриевска-Ефтимова
++ 389 2 3244074
beti@mchamber.mk



Семинар
29.11.2022

# НАПРЕДНО НИВО НА ЕКСЕЛ ЗА ПИВОТ ТАБЕЛИ СО ПРАКТИЧНИ ПРИМЕРИ ОД МЕНАЏМЕНТ НА ЧОВЕЧКИ РЕСУРСИ И ПРОДАЖБА

Користите Ексел, но имате проблеми со обработка на податоците? Изберете ја оваа обука, која нуди тренинг за повисоко ниво на користење на пивот табелите, со најактуелните Ексел "типсови" со кој работењето станува многу побрзо и полесно.

Научете како ефикасно да ги користите опциите кои пивот табелите ги имаат во Ексел. Без формули и функции Вашите анализи стануваат реалност.

Користењето на пивот табелите е наједноставниот начин на работа со Екселот, а од друга страна нуди најефектни анализи. Станете "мастер" за пивот табели!.

Обуката е наменета за сите оние коишти сакаат да го унапредат своето работење со Екселот и да научат како да:

- Препознаваат ситуации во кои примената на пивот табелите може да помогне во процесот на одлучување;
- Да спроведуваат едноставна анализа во пракса користејќи MS Excel и на тој начин да издвојуваат дополнителни информации од собраните податоци;
- Интерпретираат различни нумерички податоци прикажани во деловните извештаи или критички да пристапат во вреднувањето на статистичките податоци пред носењето на деловни одлуки.

Предавач:

Проф.д-р Зоран Ивановски, редовен професор на Економскиот факултет при Универзитетот за туризам и менаџмент во Скопје, реномиран регионален стручњак од областа на финансискиот менаџмент и предавач со долгогодишно искуство во земјата и странство..

Контакт лица:

м-р Анита Митревска
++ 389 2 3244057
anita@mchamber.mk

м-р Елизабета Андриевска-Ефтимова
++ 389 2 3244074
beti@mchamber.mk


СТОПАНСКА КОМОРА
НА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
Ваш деловен соработник
во светот на бизнисот
Посетете:
www.mchamber.mk
Ве очекуваме!
http://www.facebook.com/chamber.mk
http://www.twitter.com/Chamber_MK
http://www.youtube.com/user/MKChamber
http://www.linkedin.com/company/economic-chamber-of-macedonia
100
години
Стопанска комора на Северна Македонија
ул.„Димитрие Чуповски“ 13, Скопје
тел: : (02) 3244000, факс: (02) 3244088